АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

"Оранжерии - Хамзали"

ХАМЗАЛИ

# ДОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ А-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА ЗА АД ОРАНЖЕРИИ ХАМЗАЛИ БОСИЛОВО

АД ОРАНЖЕРИИ
ХАМЗАЛИ,БОСИЛОВО
Д И Р Е К Т О Р

________________________________

Васе Митев

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........................................................................................................ **1**

**1.. ДОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ А - ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА** ........................................................................... **2**

**2. ИЗЈАВА**........................................................................................................ **26**

**ВОВЕД**

Фирмата АД Оранжерии Хамзали, Босилово поднесе Дополнување на Барање за добивање А Интегрирана еколошка дозвола бр.11-2479/3 од 21.05.2018 год. до Министерство за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина.

По поднесеното Дополнување на Барање за добивање А Интегрирана еколошка дозвола бр.11-2479/3 од 21.05.2018 год., од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина добиен е Заклучок бр.2 од страна на МЖСПП од 08.08.2018 год. по наведениот Предмет.

Во Заклучокот се наведени следните дополнувања кои треба да се достават по однос на комплетноста на барањето за добивање А - интегрирана еколошка дозвола:

1. Потребно е да се наведат детали за сите отпадни материјали прифатени или создадени на локацијата, опис и природа на отпадот, како и нивните извори на создавање, количествата на создаден отпад, секоја сезонска варијација треба да биде објаснета. Треба да се изврши процена на можно повторно користење, санација или рециклирање, да се опише постапката за одлагање на отпадот (начин и услови). Исто така потребно е да се надополни Табела V.2.2 во која ќе биде опфатен севкупниот создаден отпад;
2. Потребно е да се направи Оценка на влијанието врз животната средина на искористувањето на отпадот во рамките на локацијата и / или неговото одлагање;
3. Треба да се обезбеди опис на употребената или создадената енергија, да се истакнат мерките преземни за да се обезбеди дека енергијата се користи ефикасно;
4. Да се направи оценка на влијанието на бучава и ризик за влијание на бучавата на локации осетливи на бучава;
5. План за целосен или делумен престанок на работа, план за управување со резидуи (како локацијата же биде доведена во задоволителна состојба во случај на престанок на работа);
6. Да се достави податок за фреквенција на работа на парните котли;
7. Бидејќи е поминат рокот за Дозвола за усогласување со оперативен план, притоа имајќи во предвид дека активностите предвидени со оперативниот план од барањето 11-2867/1 од 10.08.20119 год. Активност бр.1 и Активност бр.2 (замена на котли во котлара 2 и 3 целосна замена на котлите со нови и можност новите котли да работат на гас) операторот да достави Извештај за реализација (дали е извршена), кога и кој се резултатите од истата).
8. Ќе се пристапи кон процедура за издавање на А интегрирана еколошка дозвола и согласно процедурата потребно е да се достави Предлог програма за подобрување (кој активности што се очекува од нивната реализација и кога же се реализираат).

Барателот АД Оранжерии Хамзали, Босилово постапи по наведените забелешки и направи дополнување на Барање за добивање А интегрирана еколошка- дозвола.

# 1. ДОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ А ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

## 1.1 Дополнување за Точка 1 од Заклучокот

Видовите на отпад кои се создаваат во текот на оперативните активности во рамки на инсталацијата, согласно класификацијата на Листата на видови на отпади, главните извори, количините и постапувањето се дадени во табелите **V.2.1** и **V.2.2** во Анекс - Табели.

Основна дејност на АД Оранжерии Хамзали, Босилово е производство на рано градинарски земјоделски култури (домати, краставици и пиперки).

### 1.1.1 Постојни организациони мерки (процедури, активности и одговорности)

Постојните организациони и други мерки за избегнување на создавање отпад и намалување на штетноста на отпадот се дефинирани преку: Одговорностите за управувањето со отпад, селекција на отпадот, негово соодветно складирање, одстранување согласно законските регулативи, намалување на создадениот отпад, а со тоа и намалување на влијанието врз животната средина.

- *Идентификување на отпадот*

Вработените изготвуваат и водат евиденција за идентификуван отпад, во која се содржат следните информации: класификација на отпад, код на отпад, име на отпад, дали отпадот се создава секојдневно или повремено, дали привременото складирање е внатре или складирањето е надвор, одговорности при управувањето со одпад и др.

Во случај да се појави отпад кој не е внесен во евиденцијата на идентификуван отпад, вработениот треба да предупреди дека треба да се открие типологијата на отпадот,да се идентификува и да се воспостават процедури за негово собирање, складирање и отстранување.

Сите садови, канти и контејнери за собирање на отпад, присутни во фабриката се идентификувани со натпис за име на отпад и шифра на отпад.

Означувањето на отпадот се врши со назначување на името на отпадот и шифра на видот на отпад. Референтната шифра за видот на отпад се зема од законски утврдена Листа на видови отпад.

- *Забрана за мешање на отпад*

Секој вработен во АД Оранжерии Хамзали, Босилово е должен да го организира исфрлањето на отпад по тип на отпад и во соодветен сад (корпа или контејнер) кој е идентификуван со натпис за типот на отпад кој го содржи.

Секој вработен во фабриката како и сите останати лица кои престојуваат во фабриката се должни да го селектираат и складираат секој тип на отпад правилно во соодветни садови.

Потребно е транспортот на разните типови на отпад да се врши од страна на авторизирани (овластени) компании за транспорт и управување со отпад.

Динамиката за исфрлање на одпад е во договор со компаниите соработници, во зависност од фреквенцијата на создавање на отпад, која директно е поврзана побрувачката на пазарот и со обемот на производство.

- *Регистрирање на отпад и проверка на количини*

Одговорното лице за контрола на складирање на отпадот најмалку еднаш неделно треба да изврши проверка на сите зони за привремено складирање на одпад.

Записите од месечните извештаи за управување со отпад и управување со отпад од пакување како и годишните извештаи се чуваат во архивата на инсталацијата.

### 1.1.2 Ниво на создавање на отпад

Отпад кој се создава од работење на инсталацијата се класифицира како:

- 02 03 99 Растителен отпад,
- 20 01 02 Скршено стакло,
- 15 01 01 Амбалажен материјал(хартија),
- 15 01 02 Амбалажен материјал (пластика и најлон),
- 17 04 05 Отпадно железо,
- 20 03 01 Измешан комунален отпад.

Растителниот отпад со самото создавање веднаш се товари на возила и се носи на депонија Горно Хамзали.

Отпадните материјали што се создаваат при производниот процес (скршено стакло, амбалажен материјал и отпадно железо) прво се собираат во канти (засебни садови според типот и видот на отпад) кои се поставени на места во кругот и во објектите на инсталацијата, потоа привремено се одлагаат во надворешната зона за складирање на отпад од каде се предаваат на овластени правни лица.

Во однос на комуналниот отпад кој се создава од страна на вработените во инсталацијата, истиот се собира во засебни садови за отпад (контејнери) и се собира од страна на  Комуналното Претпријатие ЈПКД Огражеден Босилово.

Во ова дополнување дадена е табелата Табела V.2.2. која е корегирана и надополнета за сите видови на отпад.

Инсталацијата има склучено Договори со надворешни фирми за превземање на создадениот отпад и истите се дадени во продолжение.

***ТАБЕЛА V.2.2: ОТПАД - Друг вид на користење/одложување на отпад***

| Отпаден материјал | Број од Европскиот каталог на отпад | Главен извор[1,2] | Количина | | Преработка/одложување во рамките на самата локација (Начин и локација) | Преработка, реупотреба или рециклирање со превземач (Метод, локација и превземач) | Одложување надвор од локацијата (Метод, локација и превземач) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Тони / месечно | $m^3$ / месечно | | | |
| Растителни остатоци | 02 03 99 | Растенија | | 50 | | | Депонија Горно Хамзали |
| Скршено стакло | 20 01 02 | Оранжерии-стакленици | | 0,2 | | Еуро Екопак, ДОО Скопје | Еуро Екопак, ДОО Скопје |
| Амбалажен материјал (хартија и картон и пластика) | 15 01 01<br>15 01 02 | Отпад од пакување | | 0,5 | | Еуро Екопак, ДОО Скопје | Еуро Екопак, ДОО Скопје |
| Амбалажен материјал (најлон) | 15 01 02 | Од суровини и готови производи | 0,8 | | | Еврозоли ДООЕЛ Струмица | Еврозоли ДООЕЛ Струмица |
| Отпадно железо | 17 04 05 | Оранжерии Возен парк | 0,4 | | | М.Д.Страиште ДООЕЛ Валандово | М.Д.Страиште ДООЕЛ Валандово |
| Измешан комунален отпад | 20 03 01 | Кујна, работничка менза, вработени | | $5m^3$/mes. | | ЈПКД Огражден Струмица | ЈПКД Огражден Струмица |

[1] За секој отпад треба да се посочи основната активност/процес
[2] Треба да се вклучи и отпадот прифатен на местото на локацијата за наменето искористување и одлагање на отпад

## Договор со ЕУРО - ЕКОПАК доо Скопје

EURO-EKOPAK

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО
ул. Лондонска бр. 19, ТЦ Тафталице 1, спрат 3, 1000, Скопје РМ
тел/фах. 02/6138-390
info@euroekopak.mk
www.euroekopak.mk

ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

**ДОГОВОР**
**ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ**

Акционерско друштво ОРАНЖЕРИИ Бр. 03-496/1 30.03. 2017 год.

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО Бр. 658-03/17 30.03. 2017 год. СКОПЈЕ

1. ЕУРО-ЕКОПАК ДОО, Скопје, со седиште на ул. Лондонска бр. 19 ТЦ Тафталице 1 спрат 3, 1000 Скопје
ж-ска: 300000003277957
ДБ: 4080011522066
Депонент: Комерцијална Банка АД Скопје
Застапувано од Управителот: Емил Стојановски, во понатамошниот текст како ЕУРО-ЕКОПАК ДОО Скопје
**e-mail:** info@euroekopak.mk
euroekopakmk@gmail.com

и

2. АД „Оранжерии“ -Работен Погон „НоваСлога“ - Ресен, со седиште на ул. с. Хамзали - оп. Босилово
ж-ска: 300030000052851
ДБ: 4027002132354
Депонент: Комерцијална Банка
Застапувано од Управителот Васе Митев, во понатамошниот текст како ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

**Лице за контакт:**
**e-mail:** adoranzerii@yahoo.com, **тел/факс/моб:** 034-375-884

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО, согласно член 21 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Сл. Весник на РМ" бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12, 163/13, 146/15 и 39/16), во понатамошниот текст: „Законот", е запишано во Трговскиот регистар со Решение бр. 30620110007936 на Централниот Регистар на Република Македонија, како правно лице за постапување со отпад од пакување (во понатамошниот текст: отпад од пакување).

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ е правно или физичко лице кое пакува или полни стоки во пакувања, како и произведува, увезува и/или пушта на пазар стоки спакувани во пакувања, како своја дејност, вклучувајќи го и ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, кој како краен корисник увезува стока во пакување.

1

ЕКО-Одговорност

EURO-EKOPAK

ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО
ул. Лондонска бр. 19, ТЦ Тафталиџе
1, спрат 3, 1000, Скопје РМ
тел/факс. 02/6138-390
info@euroekopak.mk
www.euroekopak.mk

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

**Член 1**

Со овој Договор ЕУРО-ЕКОПАК ДОО, ги презема обврските на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ согласно член 17 од Законот со цел за остварување на националните цели утврдени во член 35 од Законот, соодветно на евидентираните количини утврдени од ЕУРО-ЕКОПАК ДОО.

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЕУРО-ЕКОПАК ДОО

**Член 2**

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО согласно член 17 од Законот и овој Договор ги презема обврските на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

**Член 3**

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО го презема правото, сите обврски одстапени од ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, а утврдени во претходниот член од овој Договор да ги довери на правни и физички лица кои имаат дозвола за постапување со отпад согласно Законот за управување со отпад („Сл. Весник на РМ" бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15 и 39/16).

**Член 4**

Договорните страни постигнаа меѓусебна согласност, заради спроведување на обврските во член 17 од Законот, ЕУРО-ЕКОПАК ДОО да има право согласно Ценовникот (даден во Прилог на овој Договор) да наплаќа одреден надоместок по тип и количина на отпад, сметано од денот на стапување во сила на овој Договор.

Ценовникот од став 1 од овој член ЕУРО-ЕКОПАК ДОО ќе го формира еднаш во годината, а е должен да го објави најдоцна до 30 Ноември во тековната година, а кој ќе важи за наредната година.

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО, го задржува правото да го менува Ценовникот од став 1 и 2 на овој член и во текот на годината доколку за тоа налагаат околностите.

За промените на Ценовникот од став 3 на овој Договор, ЕУРО-ЕКОПАК ДОО е должен да го извести ПРОИЗВОДИТЕЛОТ најмалку 15 (петнаесет) дена пред започнување на важноста на новите цени.

**Член 5**

Фактурирањето спрема ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, ЕУРО-ЕКОПАК ДОО ќе го врши во рок од 7 календарски дена по добивање на Извештајот за видот и количините на отпад пуштен на пазарот на Република Македонија од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

Euro-Ekopak

ЕКО-Одговорност

EURO-EKOPAK

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО
ул. Лондонска бр. 19, ТЦ Тафталиџе
1, спрат 3, 1000, Скопје РМ
тел/фах. 02/6138-390
info@euroekopak.mk
www.euroekopak.mk

ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

**Член 6**

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО е должен на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ за пријавените и платените количини на отпад од пакување од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ да му издаде потврда за ослободување од плаќање на надоместокот утврден во членовите 40 и 40-а од Законот.

**Член 7**

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО изготвува Образец за Извештајот со податоците за видот и количината на отпадот пуштен на пазарот на Република Македонија од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ (Прилог 3 на овој Договор).

Пред надлежните органи ЕУРО-ЕКОПАК ДОО е обврзан за постапување само за пријавените и платени количини на отпад од пакување дадени во Извештајот од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

**Член 8**

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО е должен согласно член 28, став 6 од Законот, пријавените и платени количини на отпад од пакување во извештаите доставени од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ да ги обработува и ги праќа во форма на годишен Извештај до надлежните државни органи согласно член 28, став 2 од Законот.

**Член 9**

Согласно овој Договор ЕУРО-ЕКОПАК ДОО, заради утврдување на валидноста на податоците кои се предмет на извштаите доставени од ПРОИЗВОДИТЕЛОТ има право да побара ревизија од овластено правно или физичко лице.

Доколку со ревизијата се утврди дека податоците кои се предмет на извештаите се валидни и не постои отстапување од реалната и прикажаната состојба по однос на видот и количината на отпадот, трошоците од направената ревизија ќе бидат на Товар на ЕУРО-ЕКОПАК ДОО.

**Член 10**

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО на барање на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ќе му овозможи право на користење на сопствена трговска марка „ЕКО-Одговорност" (ECO-Responsibility) на комерцијалните пакувања (амбалажата) во кои се спакувани производите кои ги пушта ПРОИЗВОДИТЕЛОТ на пазарот.

Начинот и условите на користење на трговската марка „ЕКО-Одговорност" (ECO-Responsibility) ќе бидат уредени со посебен договор.



ЕКО-Одговорност

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО
ул. Лондонска бр. 19, ТЦ Тафталиџе
1, спрат 3, 1000, Скопје РМ
тел/фах. 02/6138-390
info@euroekopak.mk
www.euroekopak.mk

ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ

**Член 11**

Обврските утврдени во член 17 од Законот ПРОИЗВОДИТЕЛОТ му ги отстапува на ЕУРО-ЕКОПАК ДОО.

**Член 12**

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува да води месечна евиденција согласно Законот и навремено да го информира ЕУРО-ЕКОПАК ДОО, со доставување на образецот за Извештај изготвен од ЕУРО-ЕКОПАК ДОО (Прилог 3 на овој Договор).

Извештаите за видот и количината на отпадот од став 1 од овој член пуштени на пазарот на Република Македонија за претходниот месец, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува во писмена форма, заверени со печат и потпис од овластеното лице да ги достави до ЕУРО-ЕКОПАК ДОО најдоцна до 15-от ден во тековниот месец.

За валидноста на месечните извештаи одговара ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

**Член 13**

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува заради спроведување на обврските утврдени во членот 17 од Законот на ЕУРО-ЕКОПАК ДОО да му плаќа надомест согласно Ценовникот-Прилог 1 на овој Договор.

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува уплатата на надоместокот да ја врши на жиро сметката на ЕУРО-ЕКОПАК ДОО по претходно доставена фактура, најдоцна 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата.

**Член 14**

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ за пријавените и уплатени количини согласно Извештајот ќе биде ослободен од плаќање на надоместокот утврден во членот 40 и 40-а од Законот, со денот на стапувањето на сила на овој Договор, а согласно членот 41 став 1 точка 1 од Законот.

**Член 15**

ПРОИЗВОДИТЕОТ е должен да овозможи увид во целокупната документација и пристап до сите информации потребни за непречено спроведување на ревизија, на барање на ЕУРО-ЕКОПАК ДОО.

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ изречно изјавува дека ќе ги сноси трошоците за направената ревизија доколку се утврди дека податоците кои се предмет на извештаите отстапуваат од реалната состојба по однос на видот и количината на отпадот.

Сите санкции изречени од надлежните органи спрема ЕУРО-ЕКОПАК ДОО, а по основ на отстапувањата на прикажаните од реалните количини на отпад, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ изјавува дека ќе ги сноси во целост.

4

ЕКО-Одговорност

EURO-EKOPAK
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО
ул. Лондонска бр. 19, ТЦ Тафталиџе
1, спрат 3, 1000, Скопје РМ
тел/фах. 02/6138-390
info@euroekopak.mk
www.euroekopak.mk

**Член 16**

Доколку надлежните органи утврдат дека ЕУРО-ЕКОПАК ДОО во име и за сметка на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ доставил годишен извештај за постапување со отпад од пакување кој содржи невистинити податоци со цел да се смета дека се исполнети националните цели утврдени со Законот за да се избегне плаќањето на надоместокот, а како резултат на давање на нецелосни или неточни податоци од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, во тој случај ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува да ги плати законските предвидените казни изречени спрема ЕУРО-ЕКОПАК ДОО и кон неговиот Управител.

## IV. ВАЖНОСТ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 17**

Овој Договор стапува на сила со денот на потпишувањето и има важност од 5 (пет) години во рамките на важност на дозволата за постапување со отпад од пакување која ја поседува ЕУРО-ЕКОПАК ДОО издадена од ресорното министерство (Прилог бр 2).

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО ги превзема на себе сите можни последици по основ на одземање на дозволата добиена со решение бр. 11/2-853/2016 од 17.02.2017 година.

## V. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 18**

Договорните страни постигнаа меѓусебна согласност да секоја од нив има право еднострано да го раскине Договорот во секое време, со користење на отказен рок од 30 (триесет) дена упатен на спротивната страна во писмена форма.

**Член 19**

Овој Договор може да биде раскинат со писмено известување за раскинување од секоја од двете договорни страни во секое време без дополнителен отказен рок во еден од следните случаи:

- ПРОИЗВОДИТЕЛОТ 3 месеци последователно не го плаќа надоместокот утврден од член 13 од овој Договор;
- ПРОИЗВОДИТЕЛОТ 3 месеци последователно не ги доставува до ЕУРО-ЕКОПАК ДОО месечни извештаи за видот и количината на отпадот од пакување пуштен на пазарот на Република Македонија согласно член 12 од овој Договор;
- Една од договорните страни прекрши една или повеќе од своите обврски утврдени со овој Договор, а обврската не се корегира во рок од 8 (осум) работни дена по известувањето добиено во писмена форма од совесната договорна страна;

5

ЕКО-Одговорност

EURO-EKOPAK

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО
ул. Лондонска бр. 19, ТЦ Тафталиџе
1, спрат 3, 1000, Скопје РМ
тел/фах. 02/6138-390
info@euroekopak.mk
www.euroekopak.mk

ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

- Другата договорна страна стане платежно неспособна (во случај на стечај или ликвидација).

**Член 20**

Во случај на раскинување на овој Договор без оглед како е предизвикано, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ е должен да ги подмири сите финансиски обврски спрема ЕУРО-ЕКОПАК ДОО, настанати за времетраењето на овој Договор.

**Член 21**

ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ се согласни писмената преписка во врска со овој Договор да се смета за полноважна, доколку биде извршено по пошта со препорачана пратка или во електронска форма.

ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ се согласни доколку го променат седиштето, односно живеалиштето или доколку престојуваат надвор од своето живеалиште, како и во случај на промена на електронската адреса, за промената на истото, во рок од три дена од извршената промена да ја известат другата договорна страна по пошта со препорачана пратка или лично со писмено известување, а во спротивно ќе се смета дека доставата на писмената е уредно извршено доколку е направен обид писмената да се предадат на наведените адреси во овој Договор, а ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ нема да бидат пронајдени на наведените адреси.

## VI. ОДВОИВОСТ

**Член 22**

Во случај некој дел од овој Договор да биде прогласен за неважечки, неправосилен или на друг начин неспоредлив од страна на надлежен суд, таквиот дел ќе се интерпретира на начинот кој е најблизок до неговата првобитна намера, а е спроведлив, или ако тоа не е можно ќе се смета дека е одвоен од овој Договор и дека како таков нема никаков начин да го нарушува или да го засега остатокот од овој Договор, за кој договорените страни се согласуваат дека инаку би останал во полна сила и дејство.

## VII. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 23**

Промени и дополнување на овој Договор може да се направат само во писмена форма со заемна согласност на договорните страни.

**Член 24**

Сите идни измени и дополнувања на Законот кои директно влијаат на правата и обврските на двете договорни страни на овој Договор ќе бидат



ЕКО-Одговорност

EURO-EKOPAK

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО
ул. Лондонска бр. 19, ТЦ Тафталиџе
1, спрат 3, 1000, Скопје РМ
тел/фах. 02/6138-390
info@euroekopak.mk
www.euroekopak.mk

ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

автоматски имплементирани во овој Договор, за што се согласни и двете договорни страни.

## VIII. ВАЖЕЧКО ПРАВО И РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОР

**Член 25**

На прашањата кои не се уредени со овој Договор непосредно ќе се применуваат Законски прописи.

**Член 26**

Секој спор што ќе произлезе од или во врска со овој Договор, договорните страни ќе се обидат најпрво да го разрешат спогодбено со меѓусебни преговори.

Доколку тоа биде невозможно двете договорни страни имаат право да го префрлат спорот на решавање во Основен суд Скопје 2, Скопје.

**Член 27**

Договорот е составен во 2 (два) идентични примероци, по еден (1) за секоја договорна страна.

**Член 28**

Прилозите 1, 2 и 3 се неделив дел од овој Договор.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО Скопје — ПРОИЗВОДИТЕЛ

ЕУРО-ЕКОПАК ДОО — ОРАНЖЕРИИ 1

7

ЕКО-Одговорност

## Договор со Еврозоли ДООЕЛ Струмица

ЕВРОЗОЛИ ДООЕЛ
Бр. 210
10.10.2018 год.
Струмица

Акционерско друштво ОРАНЖЕРИИ
Бр. 03-1783
09.10.2018 год.

ДОГОВОР ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

Склучен на ден 10.10.2018 година,помеѓу:

1.ДУПТУ ЕВРОЗОЛИ ДООЕЛ СТРУМИЦА,ЗАСТАПУВАНА ОД УПРАВИТЕЛОТ ИЛИЈА КИТАНОВ ОД СТРУМИЦА,во понатамошниот текст Испорачател,и

2.АД ОРАНЖЕРИИ-ХАМЗАЛИ,БОСИЛОВО,преставувана преку директорот Васе Митев од Струмица,во понатамошниот текст Нарачател.

Член 1

Предмет на овој договор е деловна соработка за издавање на стока и откуп на секундарни суровини и отпаден најлон(полиетиленско платно) од страна на ЕВРОЗОЛИ ДООЕЛ Струмица,во интерес на Нарачателот..

Член 2

Нарачателот се обврзува да му исплати надомест во висина од договорениот износ по фактури во рок од 30 дена.
Исплатата на надоместокот е вирмански на сметка на Испорачателот.

Член 3

За се што не е споменато во овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 4

Во случај на спор надлежен е Основен суд Струмица,во Струмица.

Член 5

Овој Договор е составен во 2(два) еднобразни примероци од кои по 1 за секоја договорна страна.

Испорачател
ЕВРОЗОЛИ ДООЕЛ СТРУМИЦА

Нарачател,
АД ОРАНЖЕРИИ ХАМЗАЛИ

## Договор со МД Страиште доoел Валандово

Друштво за производство трговија и услуги
М.Д. СТРАИШТЕ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр 03/40/18
01.02.2018 год
ВАЛАНДОВО

Акционерско друштво
ОРАНЖЕРИИ
Бр. 03-130/1
01.02.2018 год.
с.Хамзали Босилово

# ДОГОВОР ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

Склучен на ден 01.02.2018 година, помеѓу:

1. **М.Д.СТРАИШТЕ ДООЕЛ – Валандово**, нас. Страиште бб, Валандово со ЕДБ **МК4003999102755** и жиро с-тка 210053301810183 НЛБ Тутунска Банка, застапувано од управител **Митко Шарланџиев** (во натамошен текст – Испорачател ) и

2. **ОРАНЖЕРИИ АД ХАМЗАЛИ** и застапувано од управител **ВАСЕ МИТЕВ со** ЕДБ **МК4027002132354** и жиро сметка _______________ (во натамошен текст – Нарачател )

**Член 1**

Предмет на овој Договор е деловна соработка за издавање на стока, и откуп на секундарни суровини и отпадно железо од страна на **М.Д.СТРАИШТЕ ДООЕЛ Валандово**, во интерес на Нарачателот.

**Член 2**

Нарачателот се обврзува да му исплати надомест во висина од договорениот износ по фактури бр. _______________во рок од 30 дена.

Исплатата на надоместокот е вирмански на сметка на Испорачател.

**Член 3**

За се што не е споменато во овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 4**

Во случај на спор надлежен е Основниот суд во Гевгелија.

**Член 5**

Овој Договор е ссоставен во 2 (два) еднообразни примероци од кои по 1 (еден) примерок за секоја договорена страна.

| | |
|---|---|
| Испорачател<br>МД СТРАИШТЕ-ДООЕЛ<br>**ВАЛАНДОВО** | Нарачател<br>АД ОРАНЖЕРИИ ХАМЗАЛИ<br>**СТРУМИЦА** |

## Договор со ЈПКД Огражден Струмица

...ретпријатие за комунални дејности "Огражден" п.о.
Бр. 03-151/1
17.05.2018 год
Босилово

ОРАНЖЕРИИ
Бр. 03-768
17.06.18

# ДОГОВОР

**За собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад**

Склучен на ден 17.05.2018 година, помеѓу:

1.Јавното претпријатие за комунални дејности Огражден п.о. Босилово претставувано од директорот Никола Ѓорѓиев со ЕМБГ/ЕДБ4027001131303 и трансакциска сметка 210055516920128 депонент Тутунска Банка ( во понатамошниот текст: давател на услуги), од една страна и

2.Правното лице АД ОРАНЖЕРИИ с.ХАМЗАЛИИ БОСИЛОВО претставувано од управител ВАСЕ МИТЕВ, со ЕДБ 4027002132354 , (во понатамошниот текст:корисник на услугата) од друга страна.

Член 1

Договорните страни го склучија овој договор заради регулирање на меѓусебните односи во врска со вршење на услуги што ќе се изврши по долу наведените услови.

Член 2

Предмет на овој договор е собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од физички и правни лица како создавачи на отпадот.

Член 3

Правните лица како создавачи на комунален отпад се должни да ги сносат сите трошоци настанати при управувањето со отпадот вклучувајќи ги и трошоците за собирање, транспортирање и депонирање на отпадот.

Член 4

Давателот на услугата се обврзува да обезбеди корпа за отпад на барање на корисникот на услугата, на сметка на корисникот.

Член 5

Корисникот на услугата се обврзува отпадоците да ги собира во корпа за отпад и да ги изнесува до местото во денот определен за собирање.

Член 6

Јавното претпријатие за комунални дејности Огражден Босилово се обврзува да го собира комуналниот отпад од корисниците и истиот да го транспортира и депонира до депониите одредени од советот на Општина Босилово најмалку еднаш неделно.

Член 7

Корисникот на услугата се обврзува за услугата на јавното претпријатие да плаќа надоместок. Висината на надоместокот и начинот на плаќање ги утврдува Управниот одбор на јавното претпријатие по претходна согласност од Советот на Општина Босилово.

Член 8

Ако корисникот на услугата не го плаќа надоместокот најмалку два месеца последователно давателот ба услугата има право да го прекине давањето на услугата под услови и начини утврдени со закон и наплатата да ја изврши по судски пат.

Член 9

За се што не е предвидено во овој договор ќе се применуваат законските одредби со Законот за облигациони односи.

Член 10

Во случај на спор двете страни се договараат меѓусебно (спогодбено), а доколку тоа не е можно надлежен е Основниот суд во Струмица.

Член 11

Договорот е составен во 2(два) еднообразни примероци од кои по 1(еден) за давателот и корисникот на услугата.

**Корисник на услугата**
АД ОРАНЖЕРИИ с.ХАМЗАЛИ
**Управител,**
**Васе Митев**

**Давател на услугата**
**ЈПКД„Огражден„Босилово**
**Директор,**
**Никола Ѓорѓиев**

05|27

**ЈПКД "ОГРАЖДЕН" - с.Босилово**
с.Босилово бр.257
тел. :034-372-220
ЕДБ МК : 4027001131303
NLB Тутунска банка 210 0555169201 28

16

БОСИЛОВО

**ФАКТУРА БРОЈ : 9986**
За Комунални услуги

| Год. | Мес. | Датум-Фак. | Валута | Место |
|---|---|---|---|---|
| 2018 | 9 | 30.09.2018 | 30.10.2018 | с. Босилово |

Фирма
53 5
ОРАНЖЕРИИ АД
ХАМЗАЛИ

Деловен Објект
197 ОРАНЖЕРИИ АД
НАС.БЕЗ УЛ.СИСТЕМ
ХАМЗАЛИ

Акционерско друштво ОРАНЖЕРИИ Бр. 05-1711 03.10.2018 год. с.Хамзали Босилово

| Број на Водомер | Состојба на броилото Стара | Нова | Разлика-м3 | Цена | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Вод.1 | | | | | |
| Вод.2 | | | | | |
| Вод.3 | | | | | |
| Вод.4 | | | | | |
| Вод.5 | | | | | |
| Вод.6 | | | | | |

| Услуга | Износ без ДДВ | ДДВ% | ДДВ-Износ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Вода-деловен објект | | | | |
| Надомест за вода 2% | | | | |
| Ѓубретарина-деловен објект | 952,38 | 5% | 47,62 | 1.000,00 |
| Надомест за јавна чистота | 40,00 | 0% | | 40,00 |
| | 992,38 | | 47,62 | 1.040,00 |

**Даночна основица** **Данок**

| | | |
|---|---|---|
| 0% | 40,00 | |
| 5% | 952,38 | 47,62 |

**ВКУПНО ЗА НАПЛАТА : ****1.040,00**

**Заостанат долг : 12.480,00**
**Рекламации се примаат во рок од 8 дена.**
За неплаќање на повеќе од 3(три) сметки ке се врши исклучување.

*00005300019700630104 0*

**Овластено лице**
НИКОЛА ЃОРГИЕВ

Фирма
53 5
ОРАНЖЕРИИ АД
ХАМЗАЛИ

*00005300019700630104 0*

**ВКУПНО ЗА НАПЛАТА**
****1.040,00**

М.П.

**ЈПКД "ОГРАЖДЕН" - с.Босилово**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА УПЛАТА**

| месец | година |
|---|---|
| 9 | 2018 |

**Фактура Број : 9986**

(00783)

## 1.2 Дополнување за Точка 2 од Заклучокот

На постоечката локација создадениот отпад е резултат на процесот на производство на рано градинарски земјоделски култури (домати, краставици и пиперки), техничкото одржување на инсталираната опрема и комунален (комерцијален) отпад создаден од правното лице при вршење на комерцијалните, услужни и административни дејност, кој според својата природа или според својот состав е сличен на отпадот од домаќинствата.

Управувањето со инсталацијата од страна на АД Оранжерии Хамзали, Босилово е насочено кон остварување на стратешките цели на компанијата кои главно се однесуваат на: ефикасна употреба на суровини и материјали, стабилност и контрола на трошоците преку постојана усгласенот на деловната активност, оптимизација на искористеноста на капацитетите, управување со развојот преку воведување на нови техничко – технолошки решенија, модернизација на производството со примена на најдобрите достапни техники при произвоство на рано градинарски земјоделски култури, грижа за максимално обезбедување на заштитата при работа, правилно управување со отпадот, а преку тоа и заштита на животната средина.

Во АД Оранжерии Хамзали, Босилово активностите за постапување со отпадот се согласно домашното законодавство и најдобрите светски пракси.

Согласно Законт за управување со отпад и внатрешните процедури и упатства, управувањето со отпадот, се изведува со должно внимание и на начин со кој се избегнува:

- загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето
- загадување на водите, воздухот и почвата над пропишаните граници
- создавање бучава и непријатна миризба
- уништување на природните услови за живот на животните и на растенијата;
- уништување на заштитените природни области и на заштитеното културно наследство и
- нагрдување и неуредување на објектите и просторот во урбаните зони и во подрачјата надвор од урбаните зони.

Согласно обврските за создавачот и поседувачот на отпад, во инсталацијата АД Оранжерии Хамзали, Босилово се врши:

- селектирање на отпадот,
- класифицирање според Листата на отпад,
- утврдување на карактеристиките на отпадот,
- контрола на влијанијата на отпадот врз животната средина, животот и врз здравјето на луѓето,
- складирање на отпадот на места предвидени за таа намена ,
- предавање на отпадот на правно лице кое има дозвола за собирање и за транспортирање, преработка, отстранување и/или извезување на отпадот, од причина што преработката на отпадот е технички неизводлива и економски неисплатлива.

АД Оранжерии Хамзали, Босилово континуирано и посветено работи на надградба на своите организационо – технички капацитети со цел исполнување на својата политика за заштита на животната средина, а со тоа и правилно управување со отпадот, со цел елиминрање на влијанијата врз животната средина, или доколку тоа не е можно, сведување на минимум на таквите влијанија, преку подигање на свеста на вработените за индивидуалната и колективната одговорност за превенција од загадување, заштита на животната средина и природните ресурси, намалување на создадениот отпад и политиката за одржлив развој.

Во текот на 2017 и 2018 година во инсталацијата беа користени квалитетни суровини и квалитетни помошни материјали. Исто така производството се одвиваше во услови на добра производна пракса кон која се стреми раководството и сите вработени во инсталацијата. На таков начин се постигнуваат добри производни резултати, со масимално искористени суровините и помошните материјали, а со самото тоа генерирањето на отпадот беше сведено на минимум и затоа не се предвидени дополнителни планирани активности.

### 1.3 Дополнување за Точка 3 од Заклучокот

Инсталацијата користи три вида на енергија и тоа:

- електрична енергија,
- мазут и
- нафта.

Мазутот се применува како гориво за работа на котлите во стакларниците, а нафтата се применува како гориво за земјоделски машини и возилата кои се употребуваат во инсталацијата.

Имајќи ја во предвид применетата технологија во производниот процес и соодветно на тоа инсталираната опрема која се користи во инсталацијата, можеме да констатираме дека во значителна мера се вградени системи за ефикасно користење и заштеда на енергија во сите фази на производството. Ова главно се однесува на режимот на работа на горилниците кои се користат при согорување на горивото во котлите, како и правилна работа на моторите од механизацијата и возилата. Операторот на инсталацијата редовно се грижи за исправноста на овие уреди кое придонесува кон намалување на трошиците за енергенси и заштита на животната средина преку контрола на емисиите во воздухот.

Во текот на 2017 и 2018 година во инсталацијата беа користени квалитетни суровини и квалитетни помошни материјали. Исто така производството се одвиваше во услови на добра производна пракса кон која се стреми раководството и сите вработени во инсталацијата. На таков начин беа постигнати добри производни резултати, а со самото тоа максимално беа искористени енергенсите кои се вклучени во производниот процес.

### 1.4 Дополнување за Точка 4 од Заклучокот

Во непосредна близина на инсталацијата се наоѓаат земјоделски обработливи површини, а најблиско населено место е селото Петралинци кое е на растојание од 3 km од инсталацијата.

Инсталацијата е надвор од населено место и не се очекува истата да има влијание на локаии осетливи на бучава.

Согласно извршените мерења кои се дадени во рамките на Дозволата може да се оцени дека не постои влијание од емисија на бучава врз животна средина во согласност со нормативите дадени во Законот за заштита од бучава во животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 79/2007), Правилникот за примена на индикатори за бучава, дополнителни индикатори за бучава, начин на мерење на бучава и методите за оценување со индикаторите за бучава во животна средина (Сл. Весник на РМ бр.107/2008) и Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животна средина (Сл.весник на РМ бр. 147/2008 год.).

### 1.5. Дополнување за Точка 5 од Заклучокот

Во случај на престанок со работа на дел, или на целата инсталација АД Оранжерии Хамзали, Босилово, Операторот планира да ги превземе следните активности:

а) Превземање на оперативни активности:

- Искористување на сите суровини кои се лоцирани на локацијата. Тоа подразбира навремена најава на престанокот со активностите на локацијата со цел овозможување еквивалентна употреба на суровините. Во случај да не се искористат сите суровини навремено, за истите да се најде купец. По отстранувањето на суровините од магацините и резервоарите истите да бидат добро исчистени, дезинфицирани и затворени за понатамошна употреба.

- Оние делови од зградите, во случај на трајно затворање на АД Оранжерии, кои што можат да бидат демонтирани да бидат отстранети од самата локација, преку купец со договор или да се згрижат на друг начин.

- Празнење на цевните инсталации од гасови и течности,

- Подмачкување и замастување на сите вртливи делови од компресорите и останатата машинска опрема,

- Отстранување на секое масло, средство за подмачкување или гориво кое ќе се затекне на локацијата во време на престанок со работа ќе биде отстрането или рециклирано преку соодветни овластени фирми или на начин како што е пропишано со закон.

- Празнење на водоводните инсталации, или доколку тоа не е можно, полнење на водните системи со средства за заштита од смрзнување,

- Растеретување и доведување во безнапонска состојба на електричните уреди и разводни табли,

- Доводите за струја и вода ќе бидат исклучени и сите објекти на локацијата ќе бидат затворени.

- Видно обележување на резервоарите, електро таблите и дел од опремата кои не смеат да се испразнат или исклучат со натписи за известување и опомена (пример: електро табли кои мора да бидат во напонска состојба).

- Процесната опрема ќе биде исчистена, демонтирана и соодветно складирана до евентуално повторно активирање, продажба или рециклирана преку соодветни овластени фирми.

- Септичката јама ќе биде испразнета и затворена за употреба.

- Локациајта и објектите на неа да бидат ставени во безбедна состојба, да се одржуваат соодветно ако се случи да бидат напуштени за подолг временски период.

- Да биде извршена инспекција пред напуштањето на локацијата и да се направи записник за истата. Податоците за работа на инсталацијата да се чуваат на едно место. Целата инсталација да биде заклучена.

- Пред евентуално повторно отпочнување на АД Оранжерии со работа да бидат извршени мерења на сите мерни места, како фирмата би имала реализиран почетен мониторинг за понатамошна работа.

б) Превземање на административни активности

- Информирање на надлежните министерства и соодветните служби на локалната управа за престанок со работа, со поднесување извештај за превземените мерки и активности,
- Евидентирање на сите оперативни активности кои се превземени во ваквата состојба, со назнака на местата каде се наоѓа оваа евиденција,
- Обележување на локациите и местата кои можат да бидат опасни и изготвување листа на мерки кои треба да се превземат во случај на потреба,
- Изготвување на листа на активности за извршување на повремени контроли на Инсталацијата и список на лица со соодветна професија, задолжени за тие контроли,
- Изготвување листа на мерки и акивности за повторно започнување со работа на Инсталацијата.

### 1.6. Дополнување за Точка 6 од Заклучокот

Котлите во инсталацијата почнуваат со работа на 20.декември во тековната година, а завршуваат со работа на 20 април наредната година.

Во временски период од 20 декември до крајот на месец февруари инсталацијата работи со капацитет од 70 до 75% и тоа главно во ноќните часови, околу 5h/den односно околу 75 ден/год (податоци дадени во Табели VI.1.1). Преку ден инсталацијата или не работи или работи со мал капацитет.

Од 01 март до крај на месец април инсталцијата работи со намален капацитет од 30 до 40%.

### 1.7. Дополнување за Точка 7 од Заклучокот

Инсталацијата во Дозволата од 2009 год. има испланирано замена на старите котли во котларата 2 и 3 со нови и можност новите котли да работат на гас (Активност бр.1 и бр.2), но котлите не се заменети и не се во можност да работат на гас од причина што сеуште не е реализиран планираниот довод на гас од страна на државата до самата инсталација.

Од страна на операторот направено е ремонтирање на котларите со цел да бидат во одлична функција во вредност од 160.000 EUR. Од приложените Извештаи од извршен мониторинг од мерења на емисии може да се види нема надминување на граничните вредности во согласност со Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. весник на СРМ, бр.141/2010год.).

## 1.8. Дополнување за Точка 8 од Заклучокот

### 1.8.1. Вовед

Инсталацијата сите свои активности ги реализира во насока на постојано подобрување на технолошкиот процес преку усовршување на опремата со која што работи, како и со постојано водење на грижа за животната средина.

Определбата на раководсвото на инсталацијата за целосно и навремено исполнување на законските обврски од областа на заштита на животната средина и безбедноста и здравје при работа, меѓу другото, е насочена кон реализација на основните принципи на Политиката за управување со квалитет и Политиката за управување со животна средина.

Според Политиката за управување со квалитет на АД Оранжерии Хамзали, Босилово, обврска на сите вработени е да го користат системот за управување со квалитет како оперативен инструмент за организирање на дневните активности со цел да се задоволат потребите на потрошувачите, преку нивно снабдување со производи и услуги кои секогаш ќе бидат во согласност со нивните барања и поставените рокови.

Согласно Политиката на АД Оранжерии Хамзали, Босилово, инсталацијата ќе продолжи да работи секогаш стремејќи се да го спречи секој вид на несреќи и повреди преку активно учество на секој вработен и периодична проверка на нивните познавања и спремност во делот на безбедноста и опкружувањето, со цел да се дефинираат планови чија имплементација ќе ги подобри споменатите перформанси.

Со цел потполно усовршување, поголемо искористување на постоечките капацитети, притоа одржувајќи го постојано квалитетот на своите производи на највисоко ниво и водејќи грижа за животната средина, фирмата издвојува и дел од својот буџет за вложување во безбедност и здравје на вработените и заштита на животната средина.

Инсталацијата секогаш се стреми кон најновите достигнувања на полето на заштита на животната средина преку:
- намалување на потрошувачката на суровини и енергија,
- навремен мониторинг на емисиите во воздух,
- навремен мониторинг на нивото на бучава,
- намалување на емисиите на штетни материи во животната средина со правилно складирање, третман и обработка на отпадни материи.

### 1.8.2. Законски прописи и регулативи

Како резултат на дејностите кои што се извршуваат во рамките на инсталацијата, а се со цел спречување или онаму каде што е возможно намалување на емисиите во воздух, вода или почва, а со тоа и постигнување на високо ниво на заштита на животната средина во целина, во согласност со:

- Директивата за интегрирано спречување и контрола на загадувањето 96/61/
- Закон за животна средина (Службен весник на РМ Бр. 53/05; 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 44/15,129/15 и 39/16),
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на РМ Бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 100/12, 163/13),

- Правилник за методологија на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух (Сл. Весник на РМ бр. 138/2009),
- Правилник за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори (Службен весник на РМ“ бр. 11/12)
- Закон за водите (Службен весник на РМ Бр. 87/08, 6/09; 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 52/16),
- Уредба за класификација на водите (Службен весник на РМ бр. 18/99)
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води,(Службен весник на РМ бр. 18/99 )
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл. Весник на РМ бр.68/04, 28/06, 103/08),
- Закон за снабдување со вода за пиење, дренажа, третман и одведување на урбани отпадни води (Сл. Весник на РМ бр.03/00; бр.68/05; бр.28/06),
- Правилник за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитените зони (Службен весник на РМ Бр 81/11),
- Правилник за начинот на пренос на информациите од мониторингот на испуштените отпадни води, како и формата и содржината на образецот со кој се доставуваат податоците (Службен весник на РМ Бр 108/11),
- Правилник за содржината и начинот на подготвување на информациите на картографските прикази за активностите за мониторинг на водите (Службен весник на РМ Бр 148/09),
- Законот за управување со отпад (Сл. весник бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11, 123/12, 147/13, 163/13, 156/15, 63/16),
- Законот за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на РМ Бр. 79/07, 124/10, 47/11),
- Правилник за гранични вредности на нивото на бучава во животна средина (Сл.весник на РМ бр. 147/2008),
- Закон за заштита на природата (Службен весник на РМ Бр. 67/04,14/06, 84/07, 13/13, 163/13, 63/16),
- Закон за заштита и спасување (Службен весник на РМ Бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11),
- Закон за пожарникарство (Службен весник на РМ Бр. 67/04, 81/07),
- Правилник за начинот на одредување на местата на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гаснење на пожари и противпожарните

апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапноста за употреба (Сл. весник на РМ бр.74/2006),

- Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати (Сл. весник на РМ бр. 105/2005),

- Закон за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр.92/07, 136/11, 23/13, 25/13 и 53/13).

Организациата ќе превзема понатаму активности со кои ќе го намалува влијанието врз животната средина.

### 1.8.3. Програма за подобрување

Инсталацијата користи техники кои се блиски до најдобрите можни техники за производство на рано градинарски земјоделски култури, но сепак постои можност тој систем да се подобри. Целта кон која што се стреми инсталацијата е преку соодветно производство да се постигне соодветен стандард и квалитет на готовиот производ, но при тоа да не дојде до нарушување на состојбата со животната средина.

Имајќи во предвид дека работењето на инсталацијата се извршува со релативно сигурна опрема, која соодветствува со домашните и европските прописи и регулативи кои се однесуваат на заштитата на животната средина, фактот дека создадената бучава е во рамките на дозволените нивоа на бучава, преземањето на целокупниот создаден отпад се врши од страна на овластени фирми - преземачи на отпад, ефикасно искористување на енергијатаи низа други активности кои се преземени со цел заштита на животната средина, Програмата за подобрување која ја предлага Операторот претставува  програма на дефинирани организациони активности кои ги опфаќаат аспектите прикажани во Табела 1.

Табела 1: Предвидени активности согласно Програмата за подобрување

| Р.бр. | Опис на активноста | Цел | Фрекфенција |
|---|---|---|---|
| 1. | Прецизно планирање на производството од аспект на ефикасно искористување на суровините и репроматеријалите | Максимално можно намалување на создадениот отпад од производство | Континуирано |
| 2. | Редовна меѓуфазна контрола на полупроизводите | Спречување на појава на шкарт производи, односно појава на отпад | Континуирано |
| 3. | Редовна контрола на исправноста на машините и производната опрема | Спречување дефекти на машините и производната опрема, а со тоа спречување на појава на шкарт производи кое, покрај негативните финансиски импликации врз инсталацијата ќе предизвика зголемено создавање на отпад | Континуирано |
| 4. | Набавка на квалитетни суровини и репроматеријали од аспект на компонентите од кои тие се | Со цел отпадот кој се создава при користење на овие материјали, да не | Континуирано |

| Р.бр. | Опис на активноста | Цел | Фрекфенција |
|---|---|---|---|
| | направени, преку проверка на безбедностните листи. | биде штетен по животната средина и човековото здравје. | |
| 5. | Редовни превентивни прегледи на машините, опремата и на инсталациите (електрична, громобранска, гасна, вововодна итн.) | Спречување на хаварии | Континуирано |
| 6. | Управување со отпадот согласно Програма за управување со отпад 2018-2020 | Селекција и одлагање на одредено место и навремено подигање од страна на овластена надворешна фирма | Континуирано |
| 7. | Организирање на редовни обуки на вработените од областа на заштита на животната средина, безбедноста и здравјето при работа и обуки согласно Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи | Подигнување на свеста на вработените во однос на заштитата на животната средина и безбедноста и здравјето при работа | Континуирано |
| 8. | Редовно одржување на зеленилото и хортикултурно уредување на дворното место | Заштита на животната средина, човековото здравје и подобрување на визуелните ефекти на опкружувањето | Континуирано |

Со реализација на Програмата за подобрување ќе се добијат податоци кои можат да послужат за документирање на статусот на одреден медиум на животната средина (воздух, вода, почва), како и следење на ефектите од применетите мерки.

Исто така, Прогрмата овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки.

Основните цели на Програмате се:
- Да се потврди дека договорените услови се соодветно спроведени,
- Да се потврди дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности,
- Да се овозможи управување со непредвидените влијанија или промени,
- Да се потврди дека со примена на планираните мерки се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина.

Посебна група на мерки се мерките со кои со активна промена на системот на управување со операциите и најсоодветно користење на ресурсите, ќе се постигне минимално загадување на животната средина.

Овие мерки во себе ги опфаќаат следниве акции:
- изработка на правилници за користење и одржување на опрема и алати,
- оптимизација на временскиот и просторен распоред на планираните активности,
- оптимизација на интензитетот на планираните активности,

- разработка на мерки за контрола на работењето и придржувањето до соодветните проектирани параметри и правилници.

Може да се каже дека Инсталацијата главно ги има остварено потребните техничките подобрувања за работа на инсталацијата и заштита на животната средина и нема значително влијание врз загадувањето на животната средина.

**2. ИЗЈАВА**

Со оваа изјава поднесувам Дополнение на Барање за добивање А - Интегрирана еколошка дозвола, во согласност со одредбите на Законот за животна средина (Сл.весник бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/2011, 123/12, 93/13м 187/13. 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16) и регулативите направени за таа цел.

Потврдувам дека информациите дадени во ова барање се вистинити, точни и комплетни.

Немам никаква забелешка на одредбите од Министерството за животна средина и просторно планирање или на локалните власти за копирање на барањето или негови делови за потребите на друго лице.

**Потпишано од : АД Оранжерии Хамзали Босилово**
*(во името на организацијата)*

Датум **:_________________**

**Име на потписникот**: **Васе Митев**

**Позиција во организацијата: Генерален директор**

*Печат на компанијата:*